Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

# ПРИСТАП ДО БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ЗА ЛИЦАТА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

## *Упатства за даватели на правна помош*

Септември 2021

**Автор:**
Александра Ефремова

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за програми за соработка.*

*© Совет на Европа, септември 2021. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

**Вовед и содржина**

Овој документ содржи основни информации за причините за појавата на лица без државјанство, нивниот правен статус и постапките за упис во матичната книга на родени. Документот содржи упатства наменети за давателите на примарна и секундарна правна помош да им служат како ресурс доколку во текот на нивното работење кај нив се обрати лице кое се соочува со овој проблем. Упатствата треба да овозможат лицето да добие квалитетна правна информација и совет неопходни за стекнување со правен идентитет. Документот е изработен во рамките на Националното координативно тело за бесплатна правна помош од страна на Александра Ефремова, постар правник во Македонското здружение на млади правници.

I. **Поим за бездржавјанство, мандат за заштита и кои се лицата без државјанство во нашата земја**

- "Лице без државјанство е лице кое ниту една држава по сила на својот закон не го признава за свој државјанин".
- Се проценува дека во светот, најмалку 10 милиони лица се соочуваат со овој проблем.
- Бездржавјанството е генерациски проблем - родителите своето бездржајанство како проблем им го пренесуваат и на своите деца.

II. **Причини за појава на бездржавјанство:**

- Распад на држави
- Војни и бегалски кризи
- Неможност за упис во матична книга на родените
- Дискриминација на одредена етничка група
- Неможност мајката да го пренесе своето државјанство на своите деца
- Судир на закони и административни бариери

III. **Проблеми со кои се сретнуваат во секојдневниот живот**

- Сиромаштија;
- Социјална исклученост;
- Немаат пристап до здравствена заштита, образование, вработување, социјална помош;
- Дискриминација;
- Потенцијални жртви на трговија со луѓе, органи, злоупотреба на малолетнички труд;
- Криминал и други девијантни појави.

## IV. Меѓународна рамка за заштита на правата на овие лица

Мандат за заштита на овие лица од страна на ОН му е доверен на Високиот Комесар за бегалци на ОН (УНХЦР). Важни конвенции кои го регулираат статусот на овие лица и кои се однесуваат на нивна заштита се:

- Конвенцијата за статусот на лицата без државјанство на ОН од 1954 г.
- Конвенција за намалување на бездржавјанството на ОН од 1961
- Конвенција за заштитата на детето на ОН 1990
- Европска конвенција за државјанство од 1997 г
- Европска Конвенција за човекови права

## V. Причини за појава на лица без државјанство во РСМ со упатства

Овој проблем се јавува на нашиве простори поради две причини, распадот на поранешна Југославија и неможноста за упис во матична книга на родени.

### i. *Распадот на поранешна Југославија како причина за појавата на лица без државјантво*

Во оваа група влегуваат лицата кои поради распадот на поранешна Југославија останале да живеат во земјата без државјанство (и лица родени во Северна Македонија или во некоја од земјите во соседството кои во минатото биле во составот на Југославија), во меѓувреме не успеале да се запишат ниту во македонско државјанство ниту во државјанството на земјата од која водат потекло. Согласно Законот за странци овие лица имаат законска обврска да го регулираат својот престој и да добијат дозвола за привремен или постојан престој на странец.

Начините на кои овие лица можат да го **регулираат својот престој** согласно закон се:

- брак (доколку се во брак со македонски државјанин),
- по основ на хуманитарни причини (како лице без државјанство) или
- согласно член 132 од Законот за странци, според кој, потребно е да достават потврда дека не се државјани на земјата од каде што водат потекло за да им биде одобрен постојан престој и издадена дозвола за престој на странец во траење од 10 години.

Со државјанство овие лица можат да се стекнат по следниве основи:

- брак со македонски државјанин ( потребно е да бидат 3 години во брак и да имаат 1 година регулирано престој во земјата)
- со олеснета натурализација ( законски престој од 6 години и исполнети останати услови предвидени во член 7 од законот)

- со раѓање ( се однесува само на дете т.н. *најденче* кое е родено или најдено на територија на РСМ чии родители се непознати или се со непознато или без државјанство).

ii. **Неможност за упис во матичната книга на родени како причина за без државјанство**

Овие лица се правно невидливи за системот. Тие не се запишани во матична книга на родените поради што не можат да го докажат своето раѓање и немаат извод од матична книга на родените.

Причините поради кои не можат да се запишат во матична книга на родените дел од овие лица вклучуваат:

- мајката на детето е незапишана;
- малолетна мајка;
- мајката е почината или го напуштила детето;
- кога детето е родено од мајка која во моментот на раѓање на детето имала склучено брак со лице кое не е биолошки татко на детето и др.

Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени донесен во февруари 2020 година, предвидува на оваа категорија на лица, додека им трае постапката за упис во матична книга на родените, да им се издаде **посебен извод од матична книга на родени и посебна идентификациона исправа**.

Со посебниот извод од матична книга на родени и посебната идентификациона исправа им се овозможува пристап до:

- право на здравствена заштита,
- образование,
- вработување
- социјално осигурување.

Пристапот до овие права е привремен и трае додека постапката за упис во матична книга на родните.

Лица кои можат да се стекнат со ова право се:

- лицата кои не се запишани во матична книга на родени, а кои се јавиле на јавниот повик објавен од Влада на РСМ во 2018 и 2019 година и
- децата кои се родени по јавните повици, а кои немаат можност да бидат бидат запишани во редовна постапка.

Рокот за решавање на предметите за кои се издадени привремени документи е 5 години. Доколку не се заврши постапката во рок од 5 години, овие лица автоматски ќе се запишат во редовната матична книга на родените.

## VI. Постапки во кои им е потребна бесплатна правна помош

- Запишување во матична книга на родени
- Регулирање престој
- Прием во државјанство
- Утврдување татковство/мајчинство
- Пристап до образование
- Пристап до здравствена заштита
- Пристап до социјална помош и други социјални права

## VII. Закони кои најчесто се применуваат

- Закон за матична евиденција
- Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени
- Закон за семејство
- Закон за странци
- Закон за државјанство на Република Северна Македонија

## VIII. Лицата без државјанство и правото на бесплатна правна помош

Лицата без државјанство имаат право на примарна и секундарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош. Согласно членот 15 став 3 од ЗБПП право да поднесе барање за секундарна правна помош има и лице без државјанство кое законски престојува во Република Северна Македонија.

| |
|---|
| Македонското здружение на млади правници во соработка со Високиот Комесар за бегалци на ОН (УНХЦР) обезбедува правна помош на лицата без државјанство во постапката за упис во матичната книга на родени и постапката за упис во државјанство. Повеќе информации можат да се добијат на тел. 02/2655-844 или на contact@myla.org.mk. |

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*